РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комитет за следење на ИПАРД

Записник Бр. 14

# Записник од четиринаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

20 Јуни, 2014/ Клуб на пратеници

Арх. бр. 30-3009/1

Датум: 02.03, 2015

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, **Зоран Коњановски**, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** вд. Раководител на Сектор за управување со претпристапни фондови (ИПАРД) **Билјана Костовска** и Секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, **Василка Тамбуркова,** Советник за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување

<u>Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД</u> :

1. **Абдилгафар Синани**, Раководител на Сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. **Игор Златков**, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.
3. **Стеванче Јорданоски**, Претседател на Федерација на Фармери во Република Македонија.
4. **Наташа Вртеска**, Правен советник на Заедница на единиците на локалната самоуправа
5. **Робертина Брајаноска,** Извршен Директор на Македонско Еколошко Друштво
6. **Оливија Штерјова**, Директор на Комора на занаетчии на Република Македонија.
7. **Ефтим Шаклев**, Претседател, Асоцијација на земјоделци.
8. **Петар Георгиев,** Претседател на Мрежа за рурален развој на Р.М.
9. **Драги Димитриевски,** Декан на Факултет за земјоделски науки и храна.
10. **Васко Ристовски,** Самостоен советник во сектор за земјоделство и прехранбена индустрија, Стопанска Комора на РМ.
11. **Евгенија Серафимовска Киркова**,Секретаријат за европски прашања.
12. **Ардиана Абази Рамадани,** Раководител на сектор за европски прашања, Министерство за економија.
13. **Блажо Јаневски,** Раководител на сектор, Агенција за храна и ветеринарство.

<u>Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД</u>

1. **Билјана Бојковска Златеска,** замена за Живко Брајкоски,_Раководител на Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

2. **Ветон Палоши**, замена за Јадранка Иванова, Министерство за животна средини и просторно планирање.

3. **Васка Петрова**, замена за Олга Стоименова, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница

4. **Наташа Љубецкиј Алексиќ**, замена за Сашо Ристевски, Македонска Асоцијација на Преработувачи.

5. **Рахим Муслиу** , замена за Славица Јакимовска, Министерство за локална самоуправа.

Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:

1. **Џерард Кили**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

2. **Елица Живкова**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

Претставници од Европска Делегација

2. **Оливиер Мас,** Делегација на Европска Унија во Република Македонија

Претставници на ИПАРД структурата:

**Претставници од НАО и НФ :**

**1.Фатмир Адеми,** Национален Координатор за авторизација**,** Национален Фонд, Министерство за финансии.

**Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):**

1. **Младен Колариќ,** Раководител на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
5. **Јасмина Хаџибулиќ,** Помлад соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
6. **Мухадин Лимани,** Помлад соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
8. **Оливер Стефановски,** Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.
9. **Ангел Карапетров,** Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.
10. **Жарко Милошевски**, Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.

Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):

1. **Тони Димовски**, Директор на Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР)..
2. **Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР)

**Резултати: Претседателот на Комитетот и 13членови и 5 заменици со право на глас (од вкупно 24 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од ¾ од членовите со право на глас (или нивни заменици) за**

одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 9 став 4.

*Листата на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во **Прилог 1** од овој Записник.*

*Листа на набљудувачи е прикажана во **Прилог 2** од овој Записник.*

## II. ДНЕВЕН РЕД

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

### 1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: “Почеток на состанокот

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

Пред усвојување на Дневниот ред на состанокот, поради често отсуство на одредени членови, Претседателот го  предложи следниот заклучок кој беше прифатен :

**Заклучок бр.1:** Се задолжува Телото за управување на ИПАРД да ги извести институциите кои имаат назначено членови на Комитетот за следење на ИПАРД, кои двапати едноподруго не учествувале во работата на Комитетот за следење на ИПАРД, да назначат нови членови на Комитетот за следење на ИПАРД кои ефикасно и редовно ќе бидат вклучени во работата на Комитетот за следење на ИПАРД.

### 2. Усвојување на Нацрт Дневниот ред за 14-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД ”

Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и предложи измени на предлог дневниот ред на состанокот : 14 точка, која гласи “Предлог измени на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД”, да биде точка 3 од дневниот ред, точката 10 точка, која гласи ”Информација/дискусија за тековната евалуцаија “ да биде точка 9, а точката 11 точка, која гласи ” Информација/дискусија на ИПАРД Програмата 2014-2020 “, да биде точка 10 од дневниот ред, а останатите точки после точката 10 да ги завземат броевите што следат. Г-ѓа Делева предложи во

точка 7,која гласи ” Останати точки,прашања во врска со ИПАРД Програмата” да се додаде точка ” Предлог за VI модификација на ИПАРД Програмата “.

Во отсуство на дискусијата,, Претседателот ја усвои следнава одлука:

**Одлука бр.1: (Во врска со точка 1 од Дневниот ред)**

Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за (14-от)четиринаесеттиот (пролетен) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Усвоениот Дневен ред е прикажан во **Анекс 1**.

**3. Во врска со точка 3 од дневниот ред: ”Усвојување на Записникот од претходниот (13ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 5ти декември, 2013)”**

Претседателот ги информираше членовите дека Нацрт Записникот од 13ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 5ти декември, 2013) беше доставен за коментари до сите членови на Комитетот и до присутните претставници на Европската Комисија.

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:*

**Одлука бр.2: (Во врска со точка 2 од Дневниот ред)** Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од (13-от) тринаесеттиот (зимски) состанок, кој се одржа на 5 декември, 2013 година, како финален.

Усвоениот Записник е прикажан во **Анекс 2**.

**3. Во врска со точка 3 од дневниот ред:” Предлог измени на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД”**

Г-ѓа Делева информираше дека предлог измените на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД се направени врз основа на резултатите од Ревизорски тело и со цел да овозможат непречено функционирање на работата на Комитетот во исклучителни ситуации. Таа информираше дека се добиени и забелешки од страна на ЕК и се вметнати во Деловникот за работа на Комитетот.

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:*

**Одлука бр.3:** Комитетот за следење на ИПАРД ги разгледа и усвои предлог измените за Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД.

**4. Во врска со точка 4 од дневниот ред:” Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (13ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД ”**

Г-ѓа Костовска информираше за нереализираните заклучоци под реден број 6, 7 и 8 од 12ти Комитет како и за одлуките/ заклучоците од 13ти Комитет за следење на ИПАРД. Таа истакна дека повеќето од одлуките и заклучоците се реализирани освен заклучок бр. 11.

Поради бавната динамика на извршување на заклучоците и одлуките од предходните состаноци, г-ѓа Делева предложи Телото за управување во рок од 1 месец од завршување на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД, да достави извештај до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за нереализираните заклучоци 6, 7 и 8 од 12ти Комитет за следење на ИПАРД и секој месец да доставува до членовите на Комитетот, известувања за динамиката на исполнување на одлуките и заклучоците.

Врз основа на поднесениот извештај (Извештај на Телото за управување со ИПАРД) и предлогот на г-ѓа Делева, Претседателот ги донесе следните заклучоци:

**Заклучок бр.2:** Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот во спроведувањето на одлуките/заклучоците донесени на 13ти Комитет за следење на ИПАРД, одржан на 05ти декември, 2013 .

**Заклучок бр.3:** Се задолжува Телото за управување со ИПАРД во рок од 1 месец од завршување на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД, да достави извештај до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за нереализираните заклучоци 6, 7 и 8 од 12ти Комитет за следење на ИПАРД. Исто така телото за управување со ИПАРД секој месец до членовите на Комитетот да доставува, известува за динамиката на исполнување на одлуките и заклучоците.

***Извештај на Телото за управување со ИПАРД*** е прикажан во **Анекс 3.**

**5. Во врска со точка 5 од дневниот ред: ” Информација за ИПА Комитет за следење оддржан на 06, декември, 2013”**

Г-ѓа Киркова, информираше за ИПА Комитет одржан на 06.12.2013год и по заклучоците кои се донесени на истиот.

Во отсуство на забелешки, Претседател го усвои следниов:

**Заклучок бр.4:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за ИПА Комитет за следење одржан на 06 декември, 2013.

**6. Во врска со точка 6 од Дневниот ред: " Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата"**
**6.1. Во врска со точка 6.1 Дневниот ред :"Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку податоци – индикатори за следење"**

Г-дин Колариќ, информираше за досегашните резултати од спроведување на ИПАРД Програмата и реализација на целите на Програмата врз основа на извештај за период декември 2013-април 2014.

Дискусија која се одвиваше во врска со точка 6.1:

Г-дин Кили врз основа на извештајот изнесе мислење дека има голема разлика меѓу бараните средства од барателите и исплатените средства, што укажува на тоа дека има потреба од поголема помош од советодавните служби и институциите при изготвување на апликациите.
Г-ѓа Љубецки побара во понатамошните извештаи да се даде извештај во кој ќе има подетална анализа по мерките и по сектори и која е структурата на барателите. Врз основа на што полесно ќе откриеме каде се проблемите во ИПАРД Програмата и каде треба да се направат промени.
Г-дин Шаклев ги истакна предлозите,кои и порано беа споменати, за зголемување на апсорцијата на средствата, како што е укинување на обврската за три независни понуди, вклучување на банките во кредитирање на земјоделците, односно да им се олесни на земјоделците добивањето на кредит и потенцираше дека поради откажување на веќе склучени договори, довербата во ИПАРД Програмата е изгубена.
Г-дин Шаклев истакна дека малата бројка на одобрени апликации се должи на исполнување на критериумот за три понуди кое земјоделците тешко може да ги исполнат. Според него мерката за органско производство, посебно во сточарството нема да даде резултати затоа што производство на органска добиточна храна во Македонија нема доволно и тешко е да се оствари сточарско органско производство .
Г-дин Шаклев предложи веќе склучен договор со ИПАРД Агенцијата, да може да биде еден вид гаранција пред банките за добивање кредит, да се кофинасира набавка на механизација во поледелството и набавка на расплодни грла.

По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр.5:** Се задолжува Телото за управување со ИПАРД за состаноците на

Комитетот за следење на ИПАРД да изготви детални и аналитички извештаи (за одобрени и одбиени проекти по тип на производство, аналитички податоци за секоја мерка пооделно, по сектори итн) за статусот на спроведување на ИПАРД Програмата.

**Заклучок бр.6:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ги разгледа резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата преку показатели и податоци за следење на програмата за период декември 2013-мај 2014.

*Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата за периодот Јануар 2014–Мај 2014 е прикажан во* ***Анекс 4.***

**6.2. Во врска со точка 6.2 од дневниот ред: " Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата "**

Претставникот од АФПЗРР, г-ѓа Брајовиќ информираше за состојбата со проектите на 8от и 9от јавен повик (примени,одобрени,исплатени и т.н.), контролите на лице место , исплатите и ги наведе причините за одбивање по мерки.

Таа истакна дека проблем на ИПАРД Агенцијата е и оддливот на кадар,што ќе предизвика побавна обработка на апликациите.

Во таа насока Претседателот предложи заклучок:

**Заклучок бр.7:** Се задолжува ИПАРД Агенцијата да ја извести Владата на РМ за ненавремено обработка на апликациите за ИПАРД Програмата поради недоволен број на кадри.

*Извештај за следење на проектите од ИПАРД Агенција е прикажан во Анекс 5.*

Дискусија која се одвиваше во врска со точка 6.2:

Г-ѓа Вртеска побара објаснување на што се должи ненавременото издавање на одобренијата за градба од страна на општините бидејќи таа појасни дека постои електронски систем за издавање на одобренија за градба, серверот се наоѓа во ЗЕЛС и сите општини целосно се поврзани електронски со целосната документација за издавање на одобренија за градба.

Согласно со дискусијата Претседателот предложи заклучок:

**Заклучок бр. 8:** Се задолжува ИПАРД Агенцијата да направи детална анализа на сите апликации кои не биле одобрени поради неиздавање на градежна дозвола или пак имале проблем при вадење на градежна дозвола. Целосната анализа се задолжува

ИПАРД Агенцијата во рок од 10 дена да ја достави до ЗЕЛС, со цел ЗЕЛС да ги процесуира до општините и да ги информира членовите на Комитетот за следење на ИПАРД.

Г-дин Кили побара објаснување во врска со предходната дискусија на г-ѓа Вртеска, за електронскиот систем за издавање на одобренија за градба во општините или системите во институциите кои ја издаваат потребна документација, во која мерка се ефикасни и брзи, со цел да нема застој во набавување на документација.

Г-дин Димовски информираше дека секаде каде што постои можност ИПАРД Агенцијата ги обезбдува податоците по службена должност. Во врска со одобренијата за градба тој истакна дека проектите треба да бидат во согласност со Стратегијата за локален економски развој на општината, што одзема дополнително време во набавка на документацијата.

Говореше за можноста за отворен јавен повик и акредитирањето на нови мерки,за новата програма и истакна дека работат на отстранување на правилото на три понуди, но само за проекти каде тоа е можно, а не за сите проекти и даде кратко резиме за активностите кои се превземаат за отстранување со правилото на три понуди.

Г-ѓа Љубецкиј побара да се дефинира проблемот дали е во програмирањето или во имплементацијата. Првото нејзино прашање е да се даде информација од страна на ИПАРД Агенцијата колкав е бројот на барања за земјоделска механизација и колку се одобрени и исплатени. Второто прашање е зошто има намалување на средствата кои се побарани и одобрени,особено во мерката 302, третото прашање е зошто уште се чека за да се акредитира техничката мерка и во што е застојот и четвртото прашање е како ќе се организира и имплементира новиот начин на одобрување на проекти на пристигнати барања за инвестиција без прибирање на понуди.

Г-дин Димовски како одговор на прашањата на г-ѓа Љубецкиј истакна дека подобрената искористеност на средствата не се должи само на вклучување на механизацијата во програмата, туку и на другите измени во истата. За мерката 302 Димовски истакна дека е потребна пообебна документација и од тие причини имаме помалку побарани средства по оваа мерка. Исто така Димовски истакна дека, намалувањето на исплатите во однос на побараните и одобрени суми е поради големата разлика во референтните цени.

Председавачот побара точен податок за бројот на апликации за земјоделска механизација, поднесени на 8$^{от}$ јавен повик, со која сума и колку од нив се одобрени.

Г-дин Фатмир Адеми даде информација за состојбата со мерката за техничка помош и објасни дека националната акредитацијата е во финална фаза и се

планира во скоро време доставување на акредитацискиот пакет до Европската Комисија.

Директорот на АПРЗ, побара да се организира заеднички состанок со ТУ поради што Претседателот го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр.9:** Се задолжува Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата да организираат обука на советниците од АПРЗ во врска со упатството за подготовка на Деловни планови и укажување на грешките на советиците на АПРЗ при изготвување на Деловниот план.

По завршување на целосната дискусија, Претседателот го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр.10:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за резултатите за следење на проектите на ИПАРД Програмата за период декември 2013-мај 2014.

**7. Во врска со точка 7 од Дневниот ред: "Информација за губење на средства од 2010"**

НАО, Ф.Адеми, информираше за висина на износите кои се изгубени и за проекциите кои би се изгубиле во 2014 година.Го објасни принципот на губење на средства согласно правилото н+3 и дека исите треба да бидат исплатени, до крајот на календарската година а не само одобрени.

За да се подобри ситуацијата тој истакна дека треба да се интервенира во програмскиот дел, можноста да се вклучат нови инвестиции и да се работи повеќе во делот за публицитет. Постави и предлог, доколку е можно, поради задржување на квалитетниот кадар, истиот да се стимулира со зголемување на примањата со ИПАРД средства.

Во отсуство на дискусија, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр.11**: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за губење на средства од 2010.

***8.*** **Во врска со точка 8 од Дневниот ред: "Останати точки, прашања во врска со ИПАРД Програмата"**

**Во врска со точка 8.1 од Дневниот ред: "Информација за реализирани активности за подобрување на абсорпцијата на ИПАРД Програмата"**

Претставникот од Тело за управување со ИПАРД, Костовска, информираше за Планот за активностите за подобрување на абсорпција на ИПАРД Програмата, кој ги опфаќа

сите институциите кои се учесници во ИПАРД. Овој сет на активности денеска треба да биде усвоен од Влада на РМ.
Г-дин Кили изнесе забелешки по овој план кои беа во врска со еднодневните обуки и предложи во планот да се вклучат и консултантите и советодавните служби.
Г-ѓа Делева,во овој дел од точката, даде одговори на дискусијата која г-дин Шаклев ја водеше во точката 6,а во врска со мерките за обуки на земјоделците и органското производство во новата програма.
Претставникот од Комора на занаетчии, Штерјова истакна дека имаат проблем како да се охрабрат занаетчиите да аплицираат и затоа предлага да се размисли за нови и проширување на мерките за занаетчиите, како и нивно зголемено рекламирање.
Г-дин Шаклев посочи на проблеми со легализација на штали кои се наоѓаат на урбано подрачје.
Председавачот побара од претставниците на сите сектори да земат поактивно учество во текот на целата година, да се истакнат добрите страни, потенцираат успешните проекти и да се приближи целата ИПАРД Програма до крајните корисници.

По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр.12:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за активностите подобрување на абсорпцијата на ИПАРД Програмата.

**Во врска со точка 8.2 од Дневниот ред: "Прогрес во одобрување на измените на Секторска спогодба и адаптација на внатрешните процедури за работа. "**

Претставникот од Тело за управување со ИПАРД, г-ѓа Делева информираше дека е доставен предлог од ЕК за измени на Секторската спогодба кои измени се всушност дополнителна контрола на пазарната вредност на трошоците, односно примена на стандардни трошоци (листа на однапред утврдена вредност која би ја кофинансирала ИПАРД Агенцијата). Оваа утврдената вредност треба да ги рефлектира цените на пазарот во РМ и да биде изработена од независни институции кои не би имале конфликт на интерест во креирањето на фиксната цена. Од страна на ИПАРД Агенцијата направен е предлог-измени и доставен до НАО, кој во јули треба да биде доставен до ЕК на разгледување и одобрување пред да започне да се применува. Овие измени треба да го заменат правилото на три понуди.

**Во врска со точка 8.3 од Дневниот ред: " Предлог VI модификација на ИПАРД Програмата"**

Претставникот од Тело за управување со ИПАРД, Делева ја изнесе состојбата со шестата модификација и предложи постапката да се покрене по пат на пишана процедура, што беше прифатено и од страна на претставниците на ЕК.

Г-дин Фатмир Адеми праша дали шестата модификација ќе предизвика измени на процедурите, за што би било потребно ндополнително време за имплементација.
Делева предложи, ИПАРД Агенцијата да направи проценка за можните измени на процедурите и истите да се достават до НАО за да се забрза постапката.

**Забелешка: VI модификација на ИПАРД Програмата да се достави по пошта и електронски**.

**9. Во врска со точка 9. од Дневниот ред: "Информација/дискусија за тековната евалуцаија".**

Претставниците на тимот на проценители ангажирани од страна на Европската Делегација го презентираа статусот на активностите во врска со независната проценка која се состои од две компоненти : тековна проценка на програмата за решавање на проблеми кои ќе ги увидат од ИПАРД Програмата и да предложат подобрување на програмските аспекти или на процедуралните аспекти и воедно да направат претходна проценка на ИПАРД Програмата 2014-2020.
Претставникот од Европска Делегација, Маас даде предлог, фармерите и малите претпријатија кои не аплицирале за програмата исто така да бидат дел од тие интервјуа.
Делева ги информираше членовите дека сите ќе бидат интервјуирани, како и секторите и подсекторските групи.
Целосниот извештај ќе биде доставен до сите членови на Комитетот.
Во отсуство на дискусии, се усвои следниот:

**Заклучок бр.13:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата *од* страна на независен евалуатор.

Целосниот извештај на независните проценители е прикажана во **Анекс 6.**

***10.*** **Во врска со точка 10 од Дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"**

Националниот координатор за авторизација, Адеми, информираше за статусот на активности преземени од страна на ИПАРД структурите за подобрување на функционирањето на системот за целосно децентрализирано спроведување, за верификациските посети на ТУ, како и за одливот на кадар.

Претставникот од ЕК, Кили побара објаснување за: причините за распределба на

кадар од Телото за управување со ИПАРД на други места, а анализата покажала дека има проблеми со кадровска екипираност и зошто 80% од препораките од внатрешните ревизии се делумно или воопшто не се имплементирани.

Претставникот од ИПАРД Агенција, Брајовиќ, информираше согласно годишниот план за ревизија последните пет ревизии биле во четвртиот квартал на годината така да нацрт извештајот е даден во крајот на декември 2013 а станал финален во јануари 2014, што значи дека во меѓу време тој процент е подобрен.

Претставникот од Телото за управување, Делева предложи редовно да се известува Комитетот за клучните наоди кои се повторуваат.

Националниот координатор за авторизација Адеми предложи да се стави посебна точка на следните состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД, каде ревизорите ќе информираат за ревизорските наоди.

По завршување на дискусијата Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр.14:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирањето на системот за управување и контрола

Информација за активностите превземени од НАО за подобра имплементација на ИПАРД програмата и систем за управување и контрола е прикажана во **Анекс 7.**

**11. Во врска со точка 11 од Дневниот ред: "Информација/дискусија на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот од Телото за управување со ИПАРД, Делева, информираше дека првиот нацрт на ИПАРД 2014-2020 е доставена до ЕК и целиот фокус на програмирањето е поставен на превземање на старите мерки во новата програма. Таа информираше дека е закажана дискусија на Влада на 30.06.2014 на Економски совет каде ќе се дискутира за новата нацрт ИПАРД Програма 2014-2020, по што ќе се свика форум каде ќе биде презентирана новата Програма до сите засегнатите страни, на кој ќе се разговара дали Програмата ги отсликува потребите на сите корисници и досегашните искуствата. Потоа до 10 јули треба да се испрати финална ИПАРД Програма 2014-2020 до ЕК, по што се очекува официјално усвојување на ИПАРД 2014-2020 до ноември 2014.

**Заклучок бр. 15: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за статусот за новата ИПАРД 2014-2020.**

**12. Во врска со точка 12 од Дневниот ред: "Активности за техничка помош": Извештај за подготовка за акредитација на Мерката 501 – Техничка помош за 2013"**

Претставникот од НАО, Адеми информираше дека во финална фаза е комплетирање на акредитациониот пакет за мерката Техничка Помош 501 и очекуваме во јули да го доставиме пакетот до ЕК, но незначи дека ќе се акредитира зависно од оценката на ЕК. Претставникот од НАО, Адеми истакна дека се очекува до крајот на годината да се заврши целиот процес на акредитација и понатаму да се продолжи со имплементација.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:

| |
|---|
| **Заклучок бр.16:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за напредокот за акредитација за Мерката 501-Техничка помош од ИПАРД Програмата . |

| |
|---|
| Извештај за напредокот на акредитација за мерката техничка помош од ИПАРД Програмата 2007-2013 е прикажан во **Анекс 8.** |

**13. Во врска со точка 13 од дневниот ред: "Дискусија за Годишниот извештај за следење на ИПАРД Програмата."**

Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД на 13.06.2014 поведе постапка за донесување на одлука по пат на пишана процедура.Постапката ќе трае до 26.06.2014 и доколку членовите на Комитетот за следење на ИПАРД не достават коментари до одредениот датум согласно Член 15 од Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД, извештајот ќе биде усвоен.

***14.* Во врска со точка 14 од дневниот ред: "Напредок на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата "**

Претставникот од Телото за управување со ИПАРД, Стефановски, информираше за напредокот во имплементацијата за комуникација и публицитет за период декември 2013 –мај 2014 со сумирање на превземените активности.

Г-ѓа Делева информираше дека во моментот се работи на тематски брошури за секој подсектор во рамките на ИПАРД Програмата , посебно за занаетчиите, за рурален туризам , за машински прстени, за ветеринарни станици, особено кај мерка 302 кадешто има разни корисници, за да можат корисниците полесно да се идентификуваат во програмата. Во тек е дискусија со ИПАРД Агенцијата за

поставување веб апликација, со која апликантите можат да оценат дали се прифатливи и доколку се, кои документи им се потребни.

По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниот:

Заклучок бр.17: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за напредокот на активностите во врска со спроведувањето на комуникацијата и публицитетот на ИПАРД Програмата за декември 2013 - мај 2013

Извештај за прогрес во спроведување на Годишниот акционен план за комуникација и публицитет за декември 2013- мај 2014 е прикажан во Анекс 9.

*15. Во врска со точка 15 од дневниот ред:"Предлог Дневен ред за следниот (14ти) состанок на Комитет за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за следниот состанок"*

Претседателот предложи следниот Комитет за следење на ИПАРД, да се одржи во ноември 2014, а точната дата на состанокот ќе биде договорена во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.

Во отсуство на дополнителни коментари, Претседателот заклучи дека 14-от Состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е завршен.

Дата: Скопје

Претседател:
Заменик Министер
Ванчо Костадиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ

**Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД**

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Зоран Коњановски Претседател | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | МЗШВ | | | √ | Г-ѓа Катерина Ивановска | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | √ | | | | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | МЛС | | | √ | Г-дин Рахим Муслиу | 4 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | | | √ | Г-ѓа Зуица Змејковска | 0 |

Прилог 1 – Листа на присутни 14ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | **МК** | √ | | | | 1 |
| 8. | Г-ѓа Ардиана Абази - Рамадани | **МЕ** | | | √ | **Г-дин Мемет Ацами** | 0 |
| 9. | Г-дин Блажо Јаневски | **Агенција за храна и ветерина** | | √ | | | 4 |
| 10. | Г-ѓа Јадранка Иванова | **МЖСПП** | | √ | | | 4 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 11. | Г-дин Игор Златков | **АПРЗ** | √ | | | | 0 |
| 12. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | 2 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |
| 13. | Г-дин Васко Ристовски | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | 2 |

**Прилог 1 – Листа на присутни 14ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Г-дин Огнен Оровчанец | **Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ** | √ | | | | 2 |
| 15. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Андрија Секуловски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 17. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | √ | | | | 1 |
| 18. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 19. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | | | √ | Г-ѓа Ана Котевска | 5 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | 1 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | √ | | | | 2 |

**Прилог 1 – Листа на присутни 14ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Проф д-р Илија Каров | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | √ | | | 4 |
| 23. | Г-дин Ефтим Шаклев | **Асоцијација на земјоделци** | √ | | | | 0 |
| 24. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | | √ | | | 1 |
| 25. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | √ | | | | 0 |
| | ВКУПНО | 20 | 14 | 5 | 5 | | |

Прилог 1 – Листа на присутни 14ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

## Претставници од државни институции:

- Александар Димитровски, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Сектор ревизија
- Горан Ковачев, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии

## Претставници од Ревизорско Тело:

- Соња Велјаноска –Сектор за ревизија за компонента V - ДЗР
- Јасмина Вукичевиќ – Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР
- Арбен Рамадани -

**Прилог 1 – Листа на набљудувачи за 14ти Комитет за следење на ИПАРД**